КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Macedonian Canoe Federation**

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ НА КАЈАКАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Скопје , Ноември 2009 година

Врз основа на член 23 од Статутот на Кајакарската Федерација на Македонија,Собранието на КФМ на седницата одржана на ден 16.11.2009 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## За работа на Стручниот совет на Кајакарската Федерација на Македонија

### Општи одредби

Член 1

Стручниот совет е постојано работно тело на Извршниот одбор на КФМ кое го прати,поттикнува и унапредува квалитетното кајакарење во Република Македонија.

Член 2

Членовите на Стручниот совет ги именува Извршниот одбор.Мандатот на Стручниот совет трае 4 (четири) години.

Член 3

Стручниот совет е составен од 5 (пет) члена.
Претседател и 4 (четири) члена,кои треба да бидат од редот на истакнати стручњаци во кајакарскиот спорт.

### Задачи на Стручниот совет

Член 4

Основната цел на Стручниот совет е развој и унапредување на кајакарскиот спорт во Република Македонија,преку усовршување на организационата и стручна работа со спортистите опфатени во рамките на квалитетниот кајак,а преди се државната репрезентација.

Основна задача на Стручниот совет е да ја координира работата на сите државни репрезентации и да помага во решавањето на стручно-техничките прашања кои имаат непосредно влијаат на унапредувањето на подготовките и учеството на натпреварите на државните репрезентации.
Задачи на Стручниот совет се:

-Предлага тренери на државната репрезентација во кајак-кану на диви води;
-Одредува помошни-тренери на државната репрезентација во кајак-кану;
-Дава мислење по предложените планови и програми на државните репрезентации;
-Ја прати и анализира работата на државните репрезентации и предлага реШенија заради поуспешна реализација на плановите и програмите на државните репрезентации;
-Предлага Годишен календар на натпревари;
-Подготвува анализи и предлага програми за развој и унапредување на кајакарскиот спорт во Република Македонија;
-Дава помошза унапредување на организационата и стручна работа на клупските тренери;
-Организира и дава помош при организацијата на стручни советувања и семинари;
-Предлага тренери-предавачи за сите советувања,семинари,школи и кампови;
-Предлага тренери за учество на меѓународни советувања и семинари;
-Собира и издава стручна литература;
-Учествува во изготвувањето и усовршувањето на системот на натпревари

и дава конечен предлог;
-Дава предлог на најдобри кајакари во сите возрасни категории,кајакарски клуб и тренер во тековната година;
-Стручниот совет Ќе обавува и други работи кои ќе произлезат од неговата улога,Статутот и општите акти на КФМ и одлуките на Извршниот одбор.

**Организација и начин на работа на Стручниот совет**

Член 5

Стручниот совет својата функција ја остварува преку работата на состаноци и непосредни контакти помеѓу членовите.

Член 6

Состаноците на Стручниот совет се одржуваат према потреба и во склад со оперативната Програма.Во исклучителни случаи состанокот може да се закаже по итна постапка.

Член 7

За подготовката и свикување на состаноците на Стручниот совет задолжен е Претседателот на Стручниот совет.
Со работата на Стручниот совет раководи Претседателот.

Член 8

Заради евидентирање на работата на Стручниот совет се води записник на секој состанок и истиот се доставува до членовите на Стручниот совет и Извршниот одбор и кајакарските клубови.

**Завршни одредби**

Член 9

Измени и дополнување на овој Правилник се врши по иста постапка по која е предвидено неговото донесување.

Член 10

Толкување на овој Правилник дава Извршниот одбор.

Член 11

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Кајакарска Федерација на Македонија

**Претседател,**
**М-р Лазар Поповски**